**20251913922**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 септември 2025 година даде

# АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 1 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 171/22)

Членот 1 од Законот за дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/22), гласи:

„Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), во член 20 став (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- градење или реконструкција на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1) на растојание помало од пет километри од населено место или заштитено природно подрачје,“.

Алинеите 2 и 3 стануват алинеи 3 и 4.“

Одредбата од членот 1 став 1 треба да се толкува така што забраната за градење или реконструкција на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1) на растојание помало од пет километри од населено место или заштитено природно подрачје започнува да се применува со денот на влегувањето во сила на законот, односно од 6 август 2022 година. За градбите или реконструкцијата на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1), чии постапки се започнати пред денот на влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/22), се применува Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005, 79/2006, 101/2006, 109/2006, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 1/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22).

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4875/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.